КЛИМЕ КОРОБАР, КУРАТОР

# „РЕЛИГИЈА И СОВРЕМЕНО СЛИКАРСТВО“



**"ВО ОВАА ИЗЛОЖБА НЕ СТАНУВА ЗБОР ЗА РЕЛИГИОЗНО СЛИКАРСТВО, ТУКУ ЗА РЕЛИГИЈАТА И СОВРЕМЕНОТО СЛИКАРСТВО, ОДНОСНО ЗА ДЕЛА КОИ НУДАТ СОВРЕМЕНИ ТОЛКУВАЊА НА СПОМЕНАТАТА ТЕМА“ - КЛИМЕ КОРОБАР, КУРАТОР НА ИЗЛОЖБАТА**

*Дејан ТРАЈКОСКИ*

Религијата и сликарството се теми кои често се „среќаваат“. Денес, за разлика од класичните претставувања во минатото, таа синтеза добива бескрајно многу решенија, можности, нови „правила“, нови игри. Интересни се паралелите кои ги создаваат религиозните теми со постмодернистички, или, пак, предмодернистички „третман“. Тој слободен, филозофски поглед на религијата ни ги носи ироничните слики на Александар Станковски, кој како и најчесто, си поигрува со еротското. Па сликата со Папата, со која преку постмодерно цитирање („Никој не ја очекува Шпанската инквизиција“), се критикува сегашноста претставена во мас-медиумите (Атанас Ботев). Специфичните пораки на Жанета Вангели кои ја сликаат современоста преку религиозни пораки...

Изложбата се поставува во земја во која преовладува христијанската религија, која била инспирација за многу автори. Идејата била не само да се претстави дел од визуелната култура во Македонија, туку и да ги претстави паралелите на тема сакрално во современото сликарство во регионот, како и поврзување на уметниците врз основа на идејата, која, главно, ги истакнува позитивните човечки вредности. „Религија и современо сликарство“ е организирана од Асоцијацијата за култура „ИКОН“ во соработка со Музејот на град Скопје. Автор на текстот на каталогот е Маја Чанкуловска- Михајловска, а куратор е Климе Коробар.

***Релацијата меѓу Византија и постмодерната во сликарството и уметноста често знае да донесе контроверзни синтези. Колку и на кој начин таквата естетика кореспондира со етичкото како суштинска категорија во религијата?***

- Прво, би сакал да појаснам дека во оваа изложба не станува збор за религиозно сликарство, туку за религијата и современото сликарство, односно за дела кои нудат современи толкувања на спомената тема. Изложбата е составена од 19 дела на 19 современи македонски уметници и истата се обидува да ги претстави постоечките паралели на тема сакрално во современото сликарството во регионот во кој доминира христијанската религија, етика и естетика. Без сомнение, културното наследство на христијанската, поточно византиската фигуративна уметност во Македонија оставила свој печат врз уметничкото творештво во овој регион, кое сè уште се рефлектира на различни начини во делата на современите македонски уметници. Кога станува збор за современата уметност, не сум сигурен дали сè уште можеме да зборуваме за контроверзни синтези, а ако зборуваме конкретно за релацијата Византија и постмодерна, таа е присутна само во неколку дела од оваа изложба. Повеќето дела од оваа изложба се базираат или врз продолжување на одредена византиска ликовна естетика и средновековно традиционално фигуративно сликарство во Македонија, или се асоцијативни апстрактни остварувања, а сакралното е сведено на знак, поточно симбол. Притоа, најчести техники се традиционалните сликарски техники, а поретко комбинирани. Бидејќи станува збор за современи ликовни толкувања на религиозното во сликарството, би кажал дека примарно е присуството, пред сè, на византиската естетика и на теми врзани со одредени канонизирани претстави и религиозни симболи традиционално присутни во нашата колективна свест. Етичкиот момент не е негиран, тој е некаде повидлив, а некаде потзаскриен, во секој случај не е доминантен, затоа што уметниците логично на прво место се интересираат за сферата на естетиката на визуелните претстави, а потоа и за теолошките прашања за суштинските категории на самата религија.

*Изложбата „Религија и современо сликарство“ беше отворена вчера во Куманово. Проектот во кој се претставени дела од 19 македонски уметници, беше поставен во Њујорк, САД, во „Галлерѕ МЦ“ (Македонски културен центар). Со по едно дело, изработено специјално за оваа изложба, застапени се: Нове Франговски, Александар Станковски, Симон Шемов, Вања Урошевиќ, Павле Кузманоски, Стефан Хаџи Николов, Жанета Вангели, Атанас Ботев...*



**Нове Франговски:** *Асоцијативни апстрактни остварувања со асоцијации на трансцедентност, при што самото дело е носител на значења, симболи на метафоричното. Притоа, сакралното е трансферирано во делата на ниво на знак*

***Изложбата изобилува со слики кои си поигруваат со стереотипите (Александар Станковски), кои пренесуваат филозофски (ре)интерпретации на современоста преку религиозни, социјални, културни пораки (Жанета Вангели), или нудат луцидна современа критичност на сегашноста претставена во масмедиумите пренесена преку постмодерно цитирање (Атанас Ботев). Значи, дали и како сликите ги третираа позитивните човечки вредности?***

- Не би се согласил со Вас дека оваа изложба изобилува со слики кои си поигруваат со стереотипите или содржат одредена доза на критичност кон религијата и сегашноста. Авторите кои ги набројавте (Александар Станковски, Жанета Вангели и Атанас Ботев) се само неколку, но се особено значајни претставници на младата генерација македонски ликовни уметници.

Нивниот современ став можеби не е апологетски во однос на прашањата кои ги наметнувате, но отвора нови и слободни толкувања на нешта кои не мора

секогаш да се гледаат како канон или стигма (табу). Како што споменав, оваа изложба не прикажува религиозно сликарство, туку дела кои се современи толкувања на религиозниот момент во сликарството и во голема мера се надоврзуваат на традицијата. Од аспект на современоста, ограничувачки за самиот автор и за неговата пуб-



**Александар Станковски:** *Слободно асоцијативни ироничні слики-илузии како подигрување со стереотипите*



**Жанета Вангели:** *Дело на ниво на референцијален систем при што се нудат нови критички и философски интерпретации на современоста, преку концептуално реинтерпретирање на религиозни, социјални, философски и културни пораки*

лика е ако оваа тема биде разгледувана единствено од позиција на етичкото, и обратно. Инаку, ако го анализираме човечкото во делата на овие уметници, ќе забележиме дека сите дела ја одразуваат суштината на денешниот човек со сите негови реални и апстрактни дилеми и конфронтации. Од друга страна, пак, во самата религија и со тоа религиозното христијанско сликарство се базира на принципот на поврзување на човечкото со божественото, човечките и божествените вредносни постулати.

***Дел од авторите, иако ги изработија делата специјално за изложбата воЊујорк, имаат создадено и претходни дела со религиозни мотиви. Говори ли тоа за еден етаблиран македонски естаблишмент и во овој домен?***

- Авторите претставени на оваа изложба се селектирани врз основа на нивните претходни релации со дадената тема. Можеме да заклучиме дека вековната христијанска традиција присутна во овој регион постојано се рефлектира, повеќе или помалку, врз творештвото на ликовните уметници. Инспирацијата од религиозните теми честопати егзистира во македонското сликарство, почнувајќи од основоположниците на современото македонско сликарство - Димитар Пандилов-Аврамовски, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, потоа Борко Лазески, Димитар Кондовски, Томо Шијак, Душан Перчинков, Родољуб Анастасов, Петар Мазев, Димче Коцо, а од поново време се, исто така, значајните автори како Симон Шемов, Глигор Чемерски, и можеби најдоследниот во оваа сакрална тематика - Владимир Георгиевски. Стремеж на оваа изложба не е само претставување на дел од визуелната култура во Македонија. Истата се обидува да ги претстави, а наедно донекаде и да ги истражи постоечките паралели на тема сакрално во современото сликарството кои егзистираат заедно со останатите „современи" секојдневни теми.




**Атанас Ботев:** *Луцидна современа критичност на сегашноста претставена во мас-медиумите пренесена преку постмодерно цитирање*

***Какви беа оценките на американските критичари за изложбата во Њујорк? Колку беше застапена во тамошните медиуми?***

- Македонија, освен кога се работи за големи државни манифестации нема организиран пристап програмите со кои се претставуваме да се најдат во вниманието на електронските и печатените медиуми. Тука од разбирливи причини би ги изоставил соседните земји каде состојбата е нешто поинаква.

Ваквата состојба се должи на немање на доволно средства за поширока медиумска презентација, но и на немање на јасна стратегија како од културата да се направи препознатлив бренд преку кој би се препознавала Република Македонија. Повеќето информации за успешноста на изложбата доаѓаат од веќе заборавената книга за впечатоци кој преставува личен став или импресија на некој од посетителите на база на кој не треба да градиме оценка за успешноста на манифестацијата. Можеби бројот на манифестации треба да се намали за да може средствата поекономично да се искористат, но...

Ваквото прашање повлекува многу одговори и размислувања, но мислам дека тоа е прашање и за Министерствата за култура и за надворешни работи кои треба да ја градат стратегијата околу нашата презентација во странство.

